Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 355//0306
10.10 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седница одржана на 25.09.2025 година, врз основа на примена жалба од **Синан Хасани,** го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Закани, ножеви, отров - најчудната сторија што сме ја снимиле“**, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Портал Икс (portalx.mk) на 28.08.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

Жалителот до СЕММ на 04.08.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „*Закани, ножеви, отров - најчудната сторија што сме ја снимиле*“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Портал Икс (portalx.mk) на 28.08.2025 г., при што се жали на „неточно и нефер известување, незастапена втора страна, мешање и нарушување на приватноста“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува: Пристрасно известување, без проверка на факти, со бомбастична најава и како што и самиот автор кажува "лична" сторија... сé е содржано и во демантот кој што уредно му беше доставен по меил и по пошта - во прилог демантот. Демантот го има видено бидејќи во пост на неговиот Фејсбук профил на ден 01.09.2025 година напиша пост каде што вика дека сум барал извинување и дека одлуките содржани во демантот за него биле спорни и оспорувани - доказ дека го има видено демантот и содржината на истиот заедно со прилозите.... Но истиот не го објави, напротив продолжи да објавува видеа кои што се далеку од професионални....

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот во кој се отфрлаат наводите и, меѓу другото, се вели:

„Во самата сторија (мин. 01:27) јасно се гледа дека му дадовме можност на г-дин Хасани да одговори на обвинувањата кои беа изнесени од повеќе соседи. Тој одби да даде изјава и покрај тоа што станува збор за сериозни и тешки обвинувања... Доставениот демант беше исполнет со невистини. Согласно професионалните стандарди, пред да се објави, редакцијата е должна да ја провери неговата содржина. Не можеме да претставиме лице за кое има сериозни индиции за агресија во улога на жртва, без соодветна проверка на фактите.

Поради ова, на г-дин Хасани јавно му упативме прашања, како и преку е-пошта, за да ги разјасниме наводите од демантот. Тој не одговори“.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов наслов „*Закани, ножеви, отров - најчудната сторија што сме ја снимиле*“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Портал Икс (portalx.mk) на 28.08.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 1 и 3 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст/видео од јавен интерес во кој се информира за проблем на група жители кои се жалат на малтретирање од нивниот сосед, а за кој проблем ништо не се презема поради нефункционирање на институциите.

Комисијата констатираше дека сторијата се фокусира исклучиво на емотивните сведоштва на соседите и прашањата што ги отвора новинарот за карактерот на жалителот, а притоа ги премолчува и не ги проверува релевантните податоци и документи кои можат да фрлат поинакво светло на спорот.

Во жалбата се наведуваат институционални документи од 2018 година, па дури и судска пресуда од 2025 година, кои сугерираат дека старите приклучоци на соседите, кои се веројатен извор на проблемот, се нелегални и се наоѓаат на државно земјиште. Тоа не е наведено во текстот, што може да се разбере како премолчување на факти кои можат суштински да влијаат врз ставот на јавноста. Премолчувањето на овие факти може да се толкува и како намерно искривување на реалната ситуација во врска со проблемот и дезинформирање на јавноста.

Натаму, за Комисијата се неприфатливи и неуверливи аргументите на медиумот зошто не бил објавен демантот на жалителот. Повикувањето на тоа дека од сторијата се гледа (во 01:27 мин), дека му била понудена изјава на жалителот, е многу слабо оправдување за необјавување на демантот. Краткиот момент, кога новинарот некому му се обраќа со прашањето „господине Синани ќе дадете ли изјава“, не може да се смета за обезбедено право на изнесување на ставот на другата страна, односно на демант во смисла на член 3 од Кодексот.

Тоа што жалителот не сакал да зборува пред камера, не го ослободува новинарот од обврската да ја пренесе барем неговата писмена изјава или да објасни зошто демантот недостасува од сторијата. Инсистирањето демантот да биде даден само пред камера воопшто не е етички оправдано.

Од тука, Комисијата сметаше дека се прекршени членовите 1 и 3 од Кодексот на новинари на Македонија:

### Член 1

> Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку

информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 3**

Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска и Сефер Тахири.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

С. Трпевска

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКАПРЕС
Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595